| | |
|---|---|
| | **ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „БРАТСТВО – МИЃЕНИ“ ТЕТОВО** |
| | **ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА ДЕВЕТТО ОДД.** |
| | |

Екскурзија е форма на воспитно- образовна работа со која на организиран начин се проширувaат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и културно историските знаменитости на Р.С Македонија, традицијата и обичаите.

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА**

- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Охрид и Охридското езеро;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато со посета на Крушево;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со убавините на Битола – градот на конзулите;
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- Развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
- Развивање на другарство и социјализација на учениците;

***ЗАДАЧИ:***

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК: БОРКА ДИМИТРИЕСКА**

***НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.
- Екскурзијата е планирана да биде тродневна односно две ноќевања и три дена во хотел кој накнадно ќе биде избран

***ФИНАНСИРАЊЕ:***

- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА*:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**Анекс**: Можно е да дојде до измени на програмата во случај на промена на планирањата на училиштето и децата пред се.